**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**
**Бр.** УП1 31-727/2025
17.02 **2026 год.**
**Скопје**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Institucioni Nacional
МУЗЕЈ - MUZEU
КУМАНОВО-KUMANOVË

| Примено Pranuar | 25.02.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. Njesia Org | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 03 | 120 | | |

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19 154/19 и 121/24) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), министерот за култура и туризам донесе:

# РЕШЕНИЕ

1. За проекти од национален интерес во културата за 2026 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на НУ Музеј – Куманово за 2026 доставена до Министерството за култура и туризам под бр. УП1 31-727 од 30.06.2025 година **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:
- од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство дејност:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Систематски археолошки ископувања на локалитетот Градиште во Бислимска Клисура,с. Пчиња. | 250.000 |
| 1.2 | Системски археолошки ископувања на локалитетот Градиште, Мл. Нагоричане | 250.000 |
| 1.3 | Традиционална исхрана кај Албанците во Куманово | 50.000 |
| 1.4 | Ревијално прикажување на модните трендови од Ала Турка, Ала Франга | 80.000 |
| 1.5 | Преродбенската црква Св.Никола во Куманово | 30.000 |
| 1.6 | Надградба и одржување на дигитален систем на музејска документација | 30.000 |
| .1.7 | „Велигденска работилница во музеј“ | 50.000 |
| 1.8 | Едукативна сликовница “Јазикот е моето културно наследство | 50.000 |
| 1.9 | Одржување на сајтот на Музеј и Кокино | 20.000 |
| 1.10 | Конзервација на дел од мозаик во Ммеморијален центар АСНОМ во с.Пелинце | 150.000 |
| 1.11 | Едукативни работилници за деца “Сподели богатство“ | 30.000 |
| 1.12 | Уредување и тековно одржување на локалитетот Кокино, с, Кокино. | 50.000 |
| 1.13 | Интерактивна и технолошки осовременета презантација на нумизматичките збирки | 50.000 |
| 1.14 | Тековно одржување на момералниот центар АСНОМ, с, Пелинце и обележување на празникот 2 август | 100.000 |
| 1.15 | Партизанските одреди во Куманово 1941-1944 | 30.000 |
| 1.16 | „Кокино , 25 години подоцна“( Јубилеј од повеќе проекти) | 1.780.000 |

**- од областа на меѓународната соработка**

1.1. Учество на Дејан Ѓорѓиевски на 25. Меѓународен конгрес на византолошки студии во Виена, Австрија 65.640

1.2. Реализација на проектот „Феноменот на ранохристијанските базилики со апсиди прилепени на градските бадеми“ во Тесалија, регион на Волос, Грција 74.474

- од областа на визуелни уметности архитектура и дизајн

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Ликовна колонија „Куманово 2026“ | 200,000 |
| 1.2 | „Кумановски ликовни уметници“ | 50,000 |
| 1.3 | Изложба на дела од ликовната колонија „Куманово 2025“ | 40,000 |
| 1.4 | LIVE VISUAL ART 2 | 50,000 |
| 1.5 | Самостојна изложба на Александар Симоновиќ | 50,000 |

**- од областа на инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:**

1.1. Опремување на етнолошкото одделениeто (компјутерска опрема) 100.000,00 денари

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на НУ Музеј – Куманово за 2026 доставена до Министерството за култура и туризам под бр. УП1 31-727 од 30.06.2025година од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство дејност:

| | |
|---|---|
| 2.1 | Теренска евиденција во функција на заштита на локалититетите во Куманово |
| 2.2 | Ретроспективна изложба по повод 25 години од откривањето на Кокино и првите археолошки истражувања на локалитетот. |
| 2.3 | Откуп на етнолошки материјал |
| 2.4 | Ревија на документарни филмови од фототечната збирка на аудио визуелниот материјал од НУ Музеј-Куманово |
| 2.5 | Спектрометриска квалитативна анализа (EDXRF техника) напогменти од малтер од халенистички период од Градиште.Младо Нагоричане |
| 2.6 | Обука и програма за административни услуги за 2025 година (инсталација на нови станици) |
| 2.7 | Обука и надградба на програмскипакет за меѓусебно поврзување со бази |
| 2.8 | Прошетка низ минатото преку културните знаменитости во Куманово |
| 2.9 | Ленче Кумановче - меѓу традицијата и современото |
| 2.10 | Етнолошко истажување на селата од Куторл’к |
| 2.11 | Уредување на дворното место на музејот за зајакнување на културно-туристичката понуда |
| 2.12 | “Превентивна конзервација на керамика од археолошки локалитет Градиште - Младп Нагоричане |
| 2.13 | “Свети чувари на звезди- Кокино“ - 25 години јубилеј |
| 2.14 | “Ккако звучи минатото“ |
| 2.15 | “Копаме по минатото, патуваме низ времето“ |
| 2.16 | Тековно опремување на конзерваторска лаборатотрија на НУ музеј- Куманово и конзервација на музејски материјал |

2.17 Печатење на инвентарна книга за музејска документација

2.18 Макраме

2.19 Печатење на влезна книга за музејска документација

2.20 Превентивна конзервација на епиграфски, камен и останат материјал во Лапидариум на НУ Музеј Куманово

- **меѓународната соработка**

2.1. Реализација на изложбата „50 години Ликовна колонија - Куманово (1974-2024" во Париз, Франција

2.2. Промоција на долгометражниот документарен филм „Последна карта" во Македонскиот културен центар во Њујорк, САД

- **од областа на инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:**

2.1. Поправка и реконструкција на кровот на Уметничка галерија-Куманово

**СЕ ОДБИВААТ.**

3. Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2026 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/24 и 132/25), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура и туризам доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за:програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат средствата кои се планирани да се остварат по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура и туризам на ден 05.06.2025 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување Нацрт годишна програма за 2026 година.

НУ Музеј – Куманово, со допис бр. УП1 31-727 од 30.06.2025година до Министерството за култура и туризам достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2026 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт- годишната програма одлучува министерот за култура и туризам на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (5) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 31-1010/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма

за работа на НУ Музеј – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за меѓународна соработка до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. **33-602/5 од 30.01.2026** година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на НУ Музеј – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за визуелни уметности архитектура и дизајн до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 23-1008/1 **од 30.01.2026** година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на НУ Музеј – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 31-1010/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на НУ Музеј – Куманово предложи проектите од точката 2 на ова решение, да се одбијат од следниве причини не соодветствуват со приоритетите на годишните конкурси, недоволно образложена соодржина на проектите и непрецизно образложен финансиски план на побараните средства.

Комисијата за меѓународна соработка до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. **33-602/5 од 30.01.2026** година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на НУ Музеј – Куманово предложи проектите од точката 2 на ова решение, да се одбијат од следниве причини:

- Реализација на изложбата „50 години Ликовна колонија - Куманово (1974-2024" во Париз, Франција (Проектот се одбива бидејќи во Годишната програма на Установата е даден приоритет на проект со кој ќе се претстават значајни резултати од истражувањата на средновековното културно наследство на РСМ, како и на проект со кој ќе се презентираат резултатите и истражувањата на автентични архитектонски објекти од IV - VI век)
- Промоција на долгометражниот документарен филм „Последна карта" во Македонскиот културен центар во Њујорк, САД (Проектот се одбива бидејќи изложбата не соодветствува со програмскиот концепт на културниот центар кој е наменет за презентација на современа ликовна уметност и концерти на мали музички формации).

Комисијата **за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 50-1011/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на НУ Музеј – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата з**а инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата** до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 50-1011/1 од 31.01.2026 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на НУ Музеј – Куманово предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини: се одбива бидејќи не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и туризам, не може да се утврди националниот интерес, како и ограничените буџетски средства за оваа намена.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

**М И Н И С Т Е Р,**

**Зоран Љутков**

Доставено до:
-Националната установа
-архивата на Министерството за култура

Сектор за заштита на културното наследство
Одделение за музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство
Подготви: Ибуш Абази, советник
Провери: Давча Спасова, раководител на одделение
Согласен: м-р Оливера Ливриниќ, раководител на сектор

Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО
Подготви: Љубица Стефановска, советник
Одобрил: Гордана И. Велковска, раководител на Сектор
Согласен: м-р Ирина Шокаровска, државен советник

Одделение за визуелни уметности архитектура и дизајн
Подготви м-р Мариела М.Аџигова, советник
Одобри Александра Север, раководител на одделение
Согласен м-р Маја Седрак, раководител на сектор

Подготвил: Цветанка Јакимовска, советник
Согласен: Владимир Попоски, раководител